КБ
ПРВО
ПЕНЗИСКО
ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk

# АПРИЛ 2021




# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Позитивните квартални резултати на глобалните корпорации и забрзаниот процес на вакцинација против Корона вирусот го одржа оптимизмот на високо ниво и го продолжи позитивниот тренд на пазарите на капитал. Во текот на месец април глобалните пазари на капитал порасната за 4,24% (мерени преку MSCI ACWI индексот). Сите анализирани региони имаа значителен раст, а најголем раст имаа акциите на американските компании кои се дел од S&P 500 индексот со раст од 5,24%. Од почеток на годината, најголем раст на вредноста имаа американските акции и европските акции (мерени преку STOXX 600 индексот) со раст од 11,32% и 9,61% соодветно.




MSCI ASIA - PACIFIC - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI EMERGING MARKET - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во овој месец вредноста на МБИ 10 индексот ја зголеми својата вредност за 4,02%, со што кумулативно од почетокот на годината има раст од 7,12%. Во текот на месецот акции кои имаа најголем раст беа акциите на НЛБ Банка со раст од 8,51% и ТТК Банка со раст од 7,14%, додека пад на вредноста имаше само акцијата на Стопанска Банка Скопје со пад од 3,57%. Од почеток на годината најголем пад на вредноста имаат акциите на Гранит со пад од 1,60%, а најголем раст акциите на Комерцијална Банка со раст од 15,54% и акциите на Алкалоид со раст од 13,37% .






*Извор: Блумберг*

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Заздравувањето на економиите и стравот од можно зголемување на стапките на инфлација од една страна и изјавите на монетарните власти за продолжување на политиката на ниски каматни стапки, доведе до релативно голема волатилност на приносите на државните обврзници од почетокот на годината. На крајот на месец април највисок принос од анализираните обврзници имаа македонската и американската со принос од 1,77% и 1,63% соодветно, додека германската и швајцарската обврзница имаа најниски приноси од -0,20%.






**Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 06/03/2026*

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец април најголем пад во однос на еврото имаа руската рубља (RUB) со пад од 2,65% и американскиот долар (USD) чија вредност се намали за 2,40%, додека единствено швајцарски франк (CHF) имаше раст од 0.84%. Од почеток на годината најголем раст во однос на еврото имаат британската фунта (GBP) и кинескиот јуан (CNY) со раст од 2,74% , а најголем пад имааше јапонскиот јен (JPY) чија вредноста се намали за 3,96%.




*Извор: Блумберг*